# РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
# ОПШТИНА МАКЕДОНСКИ БРОД

Ул.,,7-ми Септември“ бр.4 тел/факс:045 274 810 e-mail: mak_brod@yahoo.com
www.mbrod.gov.mk

# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК

**Службен гласник** **04.04.2018 година**
**Општина Македонски Брод** **Македонски Брод**
**Излегува по потреба** **Број 4 – 2018 год.**

АПРИЛ 2018

Врз основа на член 8 од Законот за меѓуопштинска соработка („Службен весник на РМ“ бр.79/09), член 36 став 1 т.15 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 21 став 1 т.44 од Статутот на Општина Македонски Брод („Службен гласник на Општина Македонски Брод“ бр.2/03), Советот на општина Македонски Брод на седницата одржана на ден 30.03.2018 година го донесе следното:

# Р Е Ш Е Н И Е
## За изменување на решението за формирање на Комисија за подготовка по предлог за воспоставување на меѓуопштинска соработка меѓу Општина Македонски Брод и Општина Демир Хисар

1. Во Решението за заедничка комисија за подготовка по предлог за воспоставување на меѓуопштинска соработка меѓу Општина Македонски Брод и Општина Демир Хисар бр.18-460/10 од 23.06.2017 година објавено во Сл.Гласник бр.7, точката 1 се менува и гласи:

   Се формира заедничка комисија за подготовка по предлог за воспоставување на меѓуопштинска соработка меѓу Општина Македонски Брод и Општина Демир Хисар

   - Живко Силјаноски
   - Пецо Стојкоски и
   - Томислав Стојкоски

2.Ова Решение влегува во сила со денот на објавување во Службен Гласник на општина Македонски Брод.

3.Примерок од Решението да се достави до именуваните, Советот на Општина Демир Хисар и архива на Општина Македонски Брод.

**Бр.18 – 372/3**
**30.03.2018 година**

**Совет на општина Македонски Брод**
**П р е т с е д а т е л,**
**Драган Цветаноски с.р.**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 37 став 1 од Статутот на Општина Македонски Брод („Службен гласник на општина Македонски Брод“ бр.2/03,1/06,1/11,11/14,1/15 и 4/17 –пречистен текст), Градоначалникот на Општина Македонски Брод донесува

# З А К Л У Ч О К

**За објавување на Решение за изменување на решението за формирање на Комисија за подготовка по предлог за воспоставување на меѓуопштинска соработка меѓу Општина Македонски Брод и Општина Демир Хисар**

Се објавува **Решение за изменување на решението за формирање на Комисија за подготовка по предлог за воспоставување на меѓуопштинска соработка меѓу Општина Македонски Брод и Општина Демир Хисар**, што Советот на Општина Македонски Брод го донесе на седницата одржана на ден 30.03.2018 година.

**Бр. 08 -372/20**

**04.04.2018 година**

**Општина Македонски Брод**

**Градоначалник**

**Живко Силјаноски с.р.**

Врз основа на член 80 став (12) од Законот за управување со отпад („Службен весник на Република Македонија“ бр. 68/04, 71/04, 107/07, 102/08, 143/08, 124/10, 09/2011, 51/2011, 123/2012, 147/13, 163/13, 51/2015, 146/15, 156/15, 39/16 и 63/16), Советот на општината Македонски Брод на седницата одржана на ден 30.03.2018 година донесе

**О Д Л У К А**

**За давање согласност за основање на регионална депонија и потребната инфраструктура за Југозападен плански регион од страна на Владата на Република Македонија**

Член 1

Со цел заштита на животната средина и здравјето на луѓето, а заради решавање на постоечкиот проблем за управување со отпадот на територијата на општина Македонски Брод, Советот на општината дава согласност за основање на регионална депонија и потребната инфраструктура за Југозападен плански регион од страна на Владата на Република Македонија согласно член 80 став 12 од Законот за управување со отпад.

Член 2

Оваа одлука влегува во сила со денот на нејзиното донесување, истата ќе биде објавена во Службен гласник на Општина Македонски Брод и истата ќе биде доставена до Влада на Република Македонија и Министерство за животна средина и просторно планирање.

О б р а з л о ж е н и е

Советот на општината Македонски Брод на својата седница одржана на ден 30.03.2018 година, донесе Одлука за давање на согласност за основање на регионална депонија и потребната инфраструктура за Југозападен плански регион.

Тргнувајќи од проблемите со кои се соочува општината во однос на управување со отпадот, а со цел заштита на животната средина и здравјето на луѓето, Советот на општина Македонски Брод донесе одлука како во диспозитивот.

Главни причини поради кои се пристапи кон донесување на ваквата одлука се проблемите со кои се сочува општината во управувањето со отпадот и неможноста за исполнување на обврските кои произлегуваат од Законот за управување со отпад. Имено, општината проценувајќи ја својата финансиска состојба, како и потребните финансиски средства за расчистување на непрописните депонии, како и обврската за собирање и отстранување на отпадотсогласно стандардите за животна средина, односно во стандардизирана депонија, увиде дека нема можност за решавање на проблемите.

Заради заштита на животната средина и здравјето на луѓето, како и состојбата со отпадот во општина Македонски Брод неопходно е итно преземање на активности со цел собирање, транспортирање, селекција и отстранување на отпадот. Воедно, согласно Националниот план за управување со отпад на Република Македонија и Регионалниот план за управување со отпад за Југозападен плански регион, потребно е да се воспостави регионален систем за управуање со отпад преку основање на регионална депонија и соодветната инфраструктура. Во Физибилити студијата за управување со отпад за Југозападен плански регион е утврдено дека вкупните

инвестиции за основање на региналниот систем за управување со отпад изнесува **39 786 483** евра, при што минималните финансии што треба да ги обезбеди општина Македонски Брод изнесуваат **4 420 720** евра, средства со кои општина Македонски Брод не располага. Дополнително, согласно со Стратегијата за управување со отпад на Република Македонија, потребно е воспоставување на регионална соработка за основањето на депонијата, без кое управувањето со отпадот не може да биде одржливо ниту достапно за населението. Во овој момент не постои можност сите општини од Југозападен плански регион да ја обезбедат потребната финансиска помош со што не може да се основа депонијата со потребната инфраструктура доколку не се обезбеди финансирање од Владата.

Врз основа на претходно изнесеното, Советот на општина Македонски Брод донесе одлука со која основањето на регионалната депонија со потребната инфраструткура го доверува на Владата на Република Македонија, како најдобар начин за брзо решавање на проблемите со управувањето со отпадот, а кој ќе биде со најмали трошоци и со цена која ќе биде достапна за населението во Југозападен плански регион.

**Бр.18 - 372/4**

**30.03.2018 год.**

Советот на општина Македонски Брод

Претседател,

Драган Цветаноски с.р.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 37 став 1 од Статутот на Општина Македонски Брод („Службен гласник на општина Македонски Брод“ бр.2/03,1/06,1/11,11/14,1/15 и 4/17 –пречистен текст ), Градоначалникот на Општина Македонски Брод донесува

# З А К Л У Ч О К

**За објавување на Одлука за давање согласност за основање на регионална депонија и потребната инфраструктура за Југозападен плански регион од страна на Владата на Република Македонија**

Се објавува Одлука за давање согласност за основање на регионална депонија и потребната инфраструктура за Југозападен плански регион од страна на Владата на Република Македонија, што Советот на Општина Македонски Брод ја донесе на седницата одржана на ден 30.03.2018 година.

**Бр. 08 -372/20**

**04.04.2018 година**

**Општина Македонски Брод**

**Градоначалник,**

**Живко Силјаноски с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 2 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 21 став 1 точка 4 од Статутот на Општина Македонски Брод („Службен гласник на Општина Македонски Брод“ бр.2/03...4/17-пречистен текст), Советот на Општина Македонски Брод на седницата одржана на ден 30 март 2018 година го донесе следниот

**О Д Л У КА**
**За усвојување на Годишен извештај, реализација на програмата за развој на Југозападен плански регион и тековно работење на центарот за развој и финансиски извештај за 2017 година**

1.Советот на Општина Македонски Брод го усвои Годишен извештај, реализација на програмата за развој на Југозападен плански регион и тековно работење на центарот за развој и финансиски извештај за 2017 година.

2.Олдуката влегува во сила наредниот ден од денот на објавување во Службен гласник на општина Македонски Брод.

**Бр. 18 -372/5**
**30.03.2018 година**
**Македонски Брод**

**Совет на општина М.Брод**
**П р е т с е д а т е л,**
**Драган Цветаноски с.р.**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 37 став 1 од Статутот на Општина Македонски Брод („Службен гласник на општина Македонски Брод“ бр.2/03,1/06,1/11,11/14,1/15 и 4/17 –пречистен текст ), Градоначалникот на Општина Македонски Брод донесува

# З А К Л У Ч О К

**За објавување на Одлуката за усвојување на Годишен извештај, реализација на програмата за развој на Југозападен плански регион и тековно работење на центарот за развој и финансиски извештај за 2017 година**

Се објавува Одлуката за усвојување на Годишен извештај, реализација на програмата за развој на Југозападен плански регион и тековно работење на центарот за развој и финансиски извештај за 2017 година, што Советот на Општина Македонски Брод ја донесе на седницата одржана на ден 30.03.2018 година.

**Бр. 08 -372/20**

**04.04.2018 година**

**Општина Македонски Брод**

**Градоначалник,**

**Живко Силјаноски с.р.**

Врз основа на член 5 став 2, член 20-б став 2 од Законот за вработените во јавниот сектор („Службен весник на Република Македонија“ бр.27/14, 199/14, 27/16, 35/18), член 21 став 1 точка 44 од Статутот на Општина Македонски Брод („Службен гласник на Општина Македонски Брод“ бр.04/17), Советот на Општина Македонски Брод, на седницата одржана на 30.03.2018 година, ја донесе следната:

# О Д Л У К А

## За давање на согласност за донесување на Годишен план за вработување во Општина Македонски Брод, за 2019 година

### Член1

Се донесува одлука за давање на согласност за донесување на Годишен план за вработување во Општина Македонски Брод  за 2019 година.

### Член 2

Оваа одлука заедно со Образецот на годишен план за вработување, да се достави до Министерство за информатичко општество и администрација за добивање на мислење по однос на истиот.

### Член 3

Одлуката влегува во сила со нејзино донесување а ќе се објави во службен гласник на Општина Македонски Брод

**Бр.18-372/6**
**30.03.2018 година**

**Совет на Општина Македонски Брод**
**Претседател,**

**Драган Цветаноски с.р.**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02 ) и член 37 став 1 од Статутот на Општина Македонски Брод („Службен гласник на општина Македонски Брод“ бр.2/03,1/06,1/11,11/14,1/15 и 4/17 –пречистен текст ), Градоначалникот на Општина Македонски Брод донесува

# З А К Л У Ч О К

**За објавување на Одлука за давање на согласност за донесување на Годишен план за вработувањево Општина Македонски Брод, за 2019 година**

Се објавува Одлука за давање на согласност за донесување на Годишен план за вработување во Општина Македонски Брод, за 2019 година, што Советот на Општина Македонски Брод ја донесе на седницата одржана на ден 30.03.2018 година.

**Бр. 08 -372/20**

**04.04.2018 година**

**Општина Македонски Брод**

**Градоначалник,**

**Живко Силјаноски с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 9 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02), член 21 став 1 од Статутот на општина Македонски Брод („Службен гласник на Општина Македонски Брод“ бр.2/03...4/17-пречистен текст), по доставено барање од Детска градинка 7-ми Септември бр.18-284/1, Советот на Општина Македонски Брод на седницата одржана на ден 30.03.2018 година, донесе

**О Д Л У К А**

**за давање на согласност на Одлуката на УО за усвојување на План за вработување на ОЈУДГ „7-ми Септември“ Македонски Брод за 2019 година**

**1.** Советот на Општина Македонски Брод, дава согласност на Одлуката на УО бр.02-28/6 од 21.02.2018г за усвојување на Планот за вработување на ОЈУДГ„7-ми Септември“ Македонски Брод за 2019 година.

**2.** Оваа Одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во Службен гласник на општина Македонски Брод.

**Број 18-372/7**
**30.03.2018 година**
**Македонски Брод**

**Совет на општина Македонски Брод**
**П р е т с е д а т е л,**
**Драган Цветаноски с.р.**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 37 став 1 од Статутот на Општина Македонски Брод („Службен гласник на општина Македонски Брод“ бр.2/03,1/06,1/11,11/14,1/15 и 4/17 –пречистен текст ), Градоначалникот на Општина Македонски Брод донесува

# З А К Л У Ч О К

**За објавување на Одлука за давање на согласност на Одлуката на УО за усвојување на План за вработување на ОЈУДГ „7-ми Септември“ Македонски Брод за 2019 година**

Се објавува Одлуката **за** давање на согласност на Одлуката на УО за усвојување на План за вработување на ОЈУДГ ,,7-ми Септември“ Македонски Брод за 2019 година, што Советот на Општина Македонски Брод ја донесе на седницата одржана на ден 30.03.2018 година.

**Бр. 08 -372/20**

**04.04.2018 година**

**Општина Македонски Брод**

**Градоначалник,**

**Живко Силјаноски с.р.**

Врз основа на член 30 од Статутот на Општина Македонски Брод („Службен гласник на Општина Македонски Брод“ бр.4/2017 од 03.05.2017 година) и Програмата за социјална заштита на Општина Македонски Брод бр.18–797/23 од 30.11.2017 година, по предлог на комисијата за општествени дејности , Советот на општина Македонски Брод го донесе следниот

# П Р А В И Л Н И К

## за утврдување на критериуми за доделување на парична помош

## за утврдени категории на лица

### член 1

### Лица со инвалидитет

Во моментот на поднесување на барањето за парична помош по оснв на ивалидитет, лицето:

- Да е невработено
- Да нема остварено право на парична помош од страна на надлежни органи на РМ како ФЗО, ПИОМ, Центар за социјални работи
- Доколку искористило средства по било кој основ од Социјалната Програма во текот на една календарска година, нема право повторно да побарува парична помош по истиот или било кој друг основ од програмата
- Да достави комплетна докумнтација во која задолжително ќе се содржат следниве документи :

    1.Потврда за невработен

    2.Комисиско мислење или наод од специјалист за инвалидитет

    3.Потврда дека не остварува право на парична помош од ФЗО, ПИОМ, Центар за социјални работи или друг надлежен орган

### Член 1-а

Лицата кои поднесле барање по однос на инвалидитет, а побаруваат ортопетско помагало, истото нема да се разгледува,  доколку не е запазена постапката за финасиско учество од страна на ФЗО.

**Член 2**

**Лица без родители и родителска грижа**

Во моментот на поднесување на барањето за парична помош по основ на дете без родители и родителска грижа, лицето:

- Да е дете без родители и родителска грижа и да не е институционално згрижено на товар на државата.
- Да не е постаро од 18 години или 26 годишна возраст доколку е редовен студент
- Доколку искористило средства по било кој основ од Социјалната Програма во текот на една календарска година, нема право повторно да побарува парична помош по истиот или било кој друг основ од програмата
- Да достави комплетна докумнтација во која задолжително ќе се содржат следниве документи :

1.Фотокопија од лична катра на лицето
2.Потврда од надлежен орган дека е дете без родители и родителска грижа-ЦСР
3.Потврда дека не остварува никакви права од друг надлежен орган ПИОМ, ЦСР

**Член 3**
**Деца со воспитно социјални проблеми**

Во моментот на поднесување на барањето за парична помош по основ на дете со воспитно социјални проблеми, лицето :

- Дете со воспитно социјални проблеми
- Неговите родители да се невработени, или со месечни примња под просечна плата
- Грижата да не е обезбедена од надлежни институции на РМ
- Да не е сместено во установа за деца со воспитно социјални проблеми
- Доколку искористило средства по било кој основ од Социјалната Програма во текот на една календарска година, нема право повторно да побарува парична помош по истиот или било кој друг основ од програмата
- Да достави комплетна докумнтација во која задолжително ќе се содржат следниве документи :
  1.Доказ од ндлежен орган на РМ дека е дете со воспитно социјални проблеми
  2.Доказ дека родителите се невработени или со месечни примања под утврдена минимална плата во РМ
  3.Доказ дека грижата не е обезбедена од надлежна иституција на РМ

**Член 4**
**Деца од еднородителски семејства**

Во моментот на поднесување на барањето за парична помош по основ на дете од еднородителски семејства, лицето:

- Да живее со еден родител
- Доказ дека родителот има парични примања под утврдена просечна плата во РМ
- Во моментот на поднесување на барањето за парична помош по основ на дете од еднородителски семејства, лицето да достави доказ по кој основ се стекнал со статусот на еднородителско семејство.
- Доколку искористило средства по било кој основ од Социјалната Програма во текот на една календарска година, нема право повторно да побарува парична помош по истиот или било кој друг основ од програмата
- Да достави комплетна докумнтација во која задолжително ќе се содржат следниве документи:

1.Доказ од надлежен орган дека е дете од еднородителско семејство
2.Потврда за месечни примања на родителот
3.Фотокопии од лична карта на детето и родителот

**Член 5**
**Стари лица без семејна грижа**

Во моментот на поднесување на барањето за парична помош по основ стари лица без семејна грижа, лицето :

- Да не живее во заедница со членови на потесното семејство
- Да не корисник на права од областа на социјалната заштита.
- Доколку искористило средства по било кој основ од Социјалната Програма во текот на една календарска година, нема право повторно да побарува парична помош по истиот или било кој друг основ од програмата
-Да достави комплетна докумнтација во која задолжително ќе се содржат следниве документи :

1.Доказ дека не живее во семејна заедница
2.Доказ дека не е примател на права од социјална заштита -ЦСР
3.Лична карта на увид

**Член 6**
**Лица засегнати од злоупотрба на дрога и алхохол**

Во моментот на поднесување на барањето за парична помош по основ лица засегнати од злоупотреба на дроги и алхохол, лицето :

-Да потврди со специјалистичко/комисиско мислење дека е лице засегнато од злоупотреба на дрога или алхохол и дека е вклучено во програма за лекување.

-Да не примател на додаток по ооj основ од дуги надлежни органи на РМ

-Доколку искористило средства по било кој основ од Социјалната Програма во текот на една календарска година, нема право повторно да побарува парична помош по истиот или било кој друг основ од програмата

-Да достави комплетна докумнтација во која задолжително ќе се содржат следниве документи:

1. Фотокопија од лична карта
2. Доказ дека е лице засегнато од злоупотреба на дрога или алхохол
3. Доказ дека не е примател на додотаок по повој основ од друг надлежен орган
4. Доказ дека лицето е вклучено во програма за лекување.

**Член 7**
**Тешко болни лица и приматели на терапија**

Во моментот на поднесување на барањето за парична помош по основ тешко болни лица и приматели на терапија, лицето :

- Да е невработено лице
- Да потврди со соодветно специјалистичко мислење дека се наоѓа во тешка болест
- Да потврди со соодветно специјалистичко мислење дека е примател на терапија и дека за истата не добива учество од страна на ФЗО или друг надлежен орган на РМ
- Доколку искористило средства по било кој основ од Социјалната Програма во текот на една календарска година, нема право повторно да побарува парична помош по истиот или било кој друг основ од програмата
- Да достави комплетна докумнтација во која задолжително ќе се содржат следниве документи:

1. Специјалистички/ комисиски наод дека лицето се наоѓа во тешка болест
2. Потврда дека е примател на терапија
3. Потврда дека не партиципира соодветен орган на РМ
4. Потврда дека не е вработен

**Член 8**
**Лица погодени од елементарни непогоди**

Во моментот на поднесување на барањето за парична помош по основ лица погодени од елементарни непогоди, лицето :

- Да е жител на општина Македонски Брод
- Да е сопственик на објектот
- Објектот да му е примарно живееалиште
- Придружните објекти на главниот објект (ложии,плевни,клетови и др) да му се од примарно значење за секојдневно живеење и егзистирање
- Штетата да е писмено утврдена од надлежен орган на РМ
- Доколку искористило средства по било кој основ од Социјалната Програма во текот на една календарска година, нема право повторно да побарува парична помош по истиот или било кој друг основ од програмата
- Да достави комплетна докумнтација во која задолжително ќе се содржат следниве документи:

1. Фотокопии од лична карта
2. Имотен лист од Агенција за катастар на недвижности
3. Доказ од надлежен орган за сторената штета

**Член 9**

Комисијата за општествени дејности ќе ги разгледува и сите други поднесени барања и ќе дава позитивно мислење за барања поднесени од лица кои се наоѓаат во социјален ризик, а кои не се опфатени со категориите наведени од член 1 до член 8 од овој Правилник, и истите се наоѓаат во исклучитено тешка финансика состојба.

**Бр.18-372/8** **Совет на Општина Македонски Брод**
**30.03.2018 год.** **претседател,**
**Драган Цветаноски с.р.**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 37 став 1 од Статутот на Општина Македонски Брод („Службен гласник на општина Македонски Брод“ бр.2/03,1/06,1/11,11/14,1/15 и 4/17 –пречистен текст ), Градоначалникот на Општина Македонски Брод донесува

# З А К Л У Ч О К

**За објавување на П Р А В И Л Н И К**

**за утврдување на критериуми за доделување на парична помош**

**за утврдени категории на лица**

Се објавува П Р А В И Л Н И К за утврдување на критериуми за доделување на парична помош за утврдени категории на лица , што Советот на Општина Македонски Брод ја донесе на седницата одржана на ден 30.03.2018 година.

**Бр. 08 -372/20**

**04.04.2018 година**

**Општина Македонски Брод**

**Градоначалник**

**Живко Силјаноски с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15, член 22 став 1 точка 10 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/2002), согласно Законот за заштита и спасување („Службен весник на РМ“ бр. 93/12; 41/14; 129/15; 71/16; 106/16), Советот на Општина Македонски Брод го разгледа Извештај-Елаборат за проценета штета од елементарна непогода-поплава на подрачје на Општина Македонски Брод, на седница одржана на ден 30 март 2018 година, го донесе следниот

**З А К Л У Ч О К**

**За усвојување на Извештај-Елаборат за проценета штета од елементарна непогода – ПОПЛАВА**

1. Се усвојува Извештај-Елаборат за проценета штета од елементарна непогода – ПОПЛАВА на подрачје на Општина Македонски Брод случена на 03.02.2018 година.
2. Проценетата вредност на штета од елементарна непогода-поплава изнесува **2.588.098,00 денари.**
3. Составен дел на овој Заклучок е Извештај-Елаборат за проценета штета од елементарна непогода-поплава, но составен дел на Извештај-Елаборат се и табеларните прегледи.
4. Заклучокот влегува на сила од денот на донесување а ќе се објави во Службен гласник на Општина Македонски Брод.

**Бр.18 - 372 /9**
**30.03.2018 година**

**Совет на Општина Македонски Брод**
**Претседател,**
**Драган Цветаноски с.р.**

**И З В Е Ш Т А Ј – Е Л А Б О Р А Т**

За проценета штета од елементарна непогода – **ПОПЛАВА**

## 1.ОПШТ ДЕЛ

На ден 03.02.2018 година, на подрачјето на Општина Македонски Брод поради обилни врнежи од дожд и топење на снегот од планинските предели, дојде до излевање на речните корита на притоките на река Треска, суводолици и на самата река Треска. Ковачка река го поплави центалното подрачје на селото Самоков, Мала река уништи друмски мостови, Девичка река поплави низводно повеќе стамбени објекти, а суводолиците нанесоа огромни штети на локални патишта.
Со елементарната непогода беа зафатени 16 домаќинства, 6 локални патишта (Горно Зркле, Сланско, Тополница, Бенче, Рамне, Косово) и 2 плочасти пропусти-мостови (Ковче, Самоков).
Со примена на Единствената методологија за процена на штетите од елементарни непогоди и други неподоги ("Службен весник на Република Македонија" бр.75/01) се обезбедени принципи и методи за проценка.

## 2.ЦЕЛ НА ПРОЦЕНА

Цел на проценета на штета е утврдување на видот и големината на штета во физички и вредносни показатели, по територии (месни заедници), средства и блага, време и причини за настанување на штетата и тоа по корисници и сопственици.
Резултатите од проценета се користат за утврдување на големината на загубите.

## 3.ПРЕДМЕТ НА ПРОЦЕНА

Предмет на процена се директни односно непосредни штети на оштетени и уништени средства и блага, уништени обртни средства и уништен добиточен фонд, живина и риби кај граѓани и градежни објекти кај деловни субјекти и тоа:

- Блага во домаќинства (мебел, апарати и други предмети во домаќинство)
- Опрема (машини и уреди и друга опрема)
- Обртни средства (градинарски растенија)
- Добиточен фонд, живина и риби (риби)
- Градежни објекти (друмски мостови и локални патишта)

Штетата се проценува на сите средства и блага што претрпеле штета, без оглед на тоа дали се осигурани кај осигурителни друштва. Предмет на процена се и штетите на објекти градени без градежна дозвола и на објекти без конструкциони својства на отпорност на земјотрес.
Сите средства и блага на кои се проценува штета се разработени во "Номенклатурата на средства и други блага" од Методологијата, како нужно за правилно и еднообразно распоредување на истите за кои се проценува штета.

## 4.ОПИС НА ОСНОВНИ ПОИМИ И ПРИЧИНИ ЗА ШТЕТА

Причини за предизвикана штета се : ***Врнежи од дожд-поплава***.

Како поплава од поројни и ридски води се смета неочекувано поплавување на теренот со водена маса која се формира на поројните текови и поради концентрација на ридски води, поради нагли надоаѓања на вода, голема количина на камен нанос и тиња, и голема урнувачка сила непосредно по силни локални поројни дождови и нагло топење на снег, што може да предизвика штета и на вакви водотеци.

## 5. ОСНОВНИ ПРИНЦИПИ ЗА ПРОЦЕНА НА ШТЕТИ

Штетата е проценета комисиски и тоа со директен увид во секое средство и благо во сопственост на правни лица, самостојни вршители на дејност и граѓани што претрпеле каква и да е штета. За секое прегледано средство е утврдено дали е оштетено или уништено.

- За уништено средство и благо во сопственост на правни лица, штетата е еднаква на неговата ревалозирана сегашна вредност на денот на настанување на штета, а за уништени средства и блага во сопственост на граѓани се проценува нивната сегашна вредност на тој начин што прво се пресметува нивната набавна вредност во пазарни цени што важат во време на настанување на штета и таа вредност е пресметана со примена на единствен процент од 60% на нивната набавна вредност.
- За уништени залихи на обртни средства во сопственост на граѓани износот на штета се утврдува како производ од количините на проценетите уништени залихи и соодветните цени.
- За оштетена опрема износот на штета се проценува во висина на трошоци на поправка, а за уништена опрема во висина на нејзината сегашна вредност.
- За штети во рибарството износот на штета се проценува како производ од вкупната количина на пцовисани риби по соодветната просечна цена (проценката е направена по соодветни стандарди дадени во книга Сточарското производство).
- За уништени објекти во сопственост на деловните субјекти штета претставува книговодствен податок за ревалозирана сегашна вредност на објектот.

Процена на штета е извршена со помош на Образец Ш-03 штета на други средства и блага каде се внесени физички податоци и табела 2 каде е извршена пресметка на штета, но и на образец Ш-01 Штета на градежни објекти.

## 6.ЦЕНИ ПОТРЕБНИ ЗА ПРОЦЕНА НА ШТЕТА

Применетите цени во процената на штети се обезбедени од страна на Комисија за процена на штети настанати од природни непогоди, епидемии и други несреќи во Општина Македонски Брод, од контакти со проценители од осигурителните друштва а претежно

цените од пазарот во општината во моментот на настанување на штета од елементарни непогоди.
Просечните цени од пазарот во моментот на настанување на штета од елементарни непогоди се дадени во образец Ш-08.

## 7.ИЗГОТВУВАЧ НА ИЗВЕШТАЈ-ЕЛАБОРАТ

Изготвувач на Извештајот е Комисија за процена на штета настаната од природна непогода, епидемии и други несреќи во Општина Македонски Брод во состав:

1. Зоран Новески - дип.градежен инженер
2. Славе Ѓурчиноски - градежен техничар
3. Вања Димоска - дип.по безбедност и финансиска контрола
4. Добре Смилески - дип. земјоделски инженер
5. Илјаз Мифтароски - доктор по ветерина
6. Александар Максимоски - дип.шумарски инженер
7. Игор Јанкулоски – електротехничар и енергетичар

Избрани од Советот на Општина Македонски Брод ( Одлука од Совет на Општина Македонски Брод бр.18-589/2 од 18.08.2017г.)

## 8.РЕЗУЛТАТИ ОД ПРОЦЕНЕТАТА ШТЕТА

Комисијата изврши непосреден увид на сите објекти за кои е побарана проценка и со помош на Единствената методологија за процена на штета од елементарни и други непогоди ја утврдува висината.

Проценетата штета е следнава:

Обртни средства – 16.600,00
Блага во домаќинства (мебел) – 234.116,00
Блага во домаќинства (апарати и др.премети во домаќинство) – 145.122,00
Опрема (машини и уреди) – 158.257,00
Опрема (др.опрема) – 55.180,00
Добиточен фонд, живина и риби (риби) – 42.000,00
Градежни објекти (други патишта) – 1.079.800,00
Градежни објекти (друмски мостови) – 857.023,00

или Вкупно проценета штета од **2.588.098,00** денари

## 9.ЗАВРШЕН ДЕЛ

Овој Елаборат се доставува до Советот на Општина Македонски Брод на разгледување и усвојување. Усвоениот Елаборат од Советот на Општина Македонски Брод се доставува до:

1.Влада на Република Македонија
- Републичка комисија за процена и утврдување на висината на штета настаната од природни непогоди и други несреќи.
2. Државен завод за статистика

Составен дел на Елаборатот се:
Табела 1: Збирен преглед на штети по видови средства и сопственост
Табела 4: Преглед на штети по месни заедници и по сопственост
Табела 5: Преглед на штети по видови и групи на средства во сопственост – приватна
Табела 5: Преглед на штети по видови и групи на средства во сопственост – државна
Табела 9: Преглед на штети на неосигурени средства и блага по видови и групи средства во сопственост – приватна
Табела 9: Преглед на штети на неосигурени средства и блага по видови и групи средства во сопственост – државна
Образец Ш-08: Просечни цени за процена на штети

**ОПШТИНА МАКЕДОНСКИ БРОД**
Комисија за процена на штета настаната од природни непогоди, епидеми и други несреќи во Општина Македонски Брод

1. Зоран Новески
2. Славе Ѓурчиноски
3. Вања Димоска
4. Добре Смилески
5. Илјаз Мифтароски
6. Александар Максимоски
7. Игор Јанкулоски

Табела 1

## ЗБИРЕН ПРЕГЛЕД НА ШТЕТИТЕ ПО ВИДОВИ СРЕДСТВА И СОПСТВЕНОСТ

Територија **МАКЕДОНСКИ БРОД** Причина за штетата и година: **поплава-2018**
Општина

во илјада денари

| | Вкупна штета | | | На средства на деловни субјекти | | | На средства во сопственост на граѓани | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | вкупно | на оштетени средства | на уништени средства | вкупно | оштетени | уништени | вкупно | оштетени | уништени |
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 | 9 | 10 |
| ВКУПНО [1] | **2.588.098** | | **2.588.098** | **1.936.823** | | **1.936.823** | **651.275** | | **651.175** |
| ЗЕМЈИШТЕ | | | | | | | | | |
| ГРАДЕЖНИ ОБЈЕКТИ Др.патишта и дримски мостови | 1.936.823 | | 1.936.823 | 1.936.823 | | 1.936.823 | | | |
| ОПРЕМА | 213.437 | | 213.437 | | | | 213.437 | | 213.437 |
| ДОЛГОГОДИ-ШНИ ЗАСАДИ | | | | | | | | | |
| ШУМИ И ДИВЕЧ | | | | | | | | | |
| ДОБИТОЧЕН ФОНД ЖИВИНА И РИБА | 42.000 | | 42.000 | | | | 42.000 | | 42.000 |
| ОБРТНИ СРЕДСТВА | 16.600 | | 16.600 | | | | 16.600 | | 16.600 |
| БЛАГА Културни блага Блага во домаќинството | 379.238 | | 379.238 | | | | 379.238 | | 379.238 |
| ДРУГИ СРЕДСТВА И БЛАГА | | | | | | | | | |
| ТРОШОЦИ ПРЕДИЗВИКАНИ ОД ШТЕТА | | | | | | | | | |
| ИНДИРЕКТНА ШТЕТА | | | | | | | | | |
| ШТЕТИ НА СРЕДСТВА НА АРМ | | | | | | | | | |

[1] Хоризонталните збирови не се согласуваат за износот на трошоците и на индиректните штети, бидејќи овие износи не мошеле да бидат прикажани ниту како оштетени ниту како уништени средства

Табела 4

## ПРЕГЛЕД НА ШТЕТИ ПО МЕСНИ ЗАЕДНИЦИ И ПО СОПСТВЕНОСТ

Територија **МАКЕДОНСКИ БРОД** Причина за штетата и година: **поплава-2018**
Општина

во илјада денари

| Назив месната заедница | Вкупна штета | | | На деловни субјекти | | | На средства во сопственост на граѓани | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Вкупно | На оштетени средства | На уништени средства | Вкупно | оштетени | уништени | Вкупно | оштетени | уништени |
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 | 9 | 10 |
| **ВКУПНО** | **2.588.098** | | **2.588.098** | **1.936.823** | | **1.936.823** | **651.275** | | **651.275** |
| Македонски Брод | 14.040 | | 14.040 | | | | 14.040 | | 14.040 |
| Самоков | 744.923 | | 744.923 | 419.297 | | 419.297 | 325.626 | | 325.626 |
| Девич | 160.385 | | 160.385 | | | | 160.385 | | 160.385 |
| Месност ЛАГ | 13.620 | | 13.620 | | | | 13.620 | | 13.620 |
| Могилец | 137.604 | | 137.604 | | | | 137.604 | | 137.604 |
| Ковче | 437.726 | | 437.726 | 437.726 | | 437.726 | | | |
| Сланско | 499.800 | | 499.800 | 499.800 | | 499.800 | | | |
| Тополница | 160.000 | | 160.000 | 160.000 | | 160.000 | | | |
| Зркле | 150.000 | | 150.000 | 150.000 | | 150.000 | | | |
| Бенче | 150.000 | | 150.000 | 150.000 | | 150.000 | | | |
| Рамне | 60.000 | | 60.000 | 60.000 | | 60.000 | | | |
| Косово | 60.000 | | 60.000 | 60.000 | | 60.000 | | | |

Табела 5:

## ПРЕГЛЕД НА ШТЕТИТЕ ПО ВИДОВИ И ГРУПИ НА СРЕДСТВАТА ВО СОПСТВЕНОСТ- приватна

Територија **МАКЕДОНСКИ БРОД** Причина за штетата и година: **поплава-2018**
Општина

| | Единица на мера | Количество | | Износ на штетата во денари | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | оштетена | уништена | На оштетени средства | На уништени средства | Вкупно (5+6) |
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 |
| ВКУПНО | | | | | **651.275** | |
| | | | | | | |
| ГРАДЕЖНИ ОБЈЕКТИ<br>Брани и насипи итн. Според Номенклатурата | | | | | | |
| ОПРЕМА<br>Енергетски машини, уреди и постројки итн. | парче | | 42 | | 213.437 | |
| ДОЛГОГОДИШНИ НАСАДИ<br>Овоштарници итн. | | | | | | |
| ШУМИ И ДИВЕЧ<br>Шуми на широколисници итн. | | | | | | |
| ДОБИТОЧЕН ФОНД, ЖИВИНА И РИБА<br>Коњи, мулиња, мазги итн. | тони | | 0.21 | | 42.000 | |
| ОБРТНИ СРЕДСТВА<br>Суровини и репродукционен материјал<br>Полупроизводи и надворешни производи, текуштo земјоделско производство итн. Според Номенклатурата | тони | | 0.27 | | 16.600 | |
| БЛАГА<br>Културни блага<br>Објекти<br>Предмети<br>Блага во домаќинствата итн според Номенклатурата | парче | | 183 | | 379.238 | |
| ДРУГИ СРЕДСТВА И БЛАГА | | | | | | |
| ТРОШОЦИ ПРЕДИЗВИКАНИ СО ШТЕТАТА | | | | | | |
| ИНДИРЕКНА ШТЕТА | | | | | | |
| ШТЕТА НА СРЕДСТВА НА АРМ | | | | | | |

Табела 5:

## ПРЕГЛЕД НА ШТЕТИТЕ ПО ВИДОВИ И ГРУПИ НА СРЕДСТВАТА ВО СОПСТВЕНОСТ- државна

Територија **МАКЕДОНСКИ БРОД** Причина за штетата и година: **поплава-2018**
Општина

| | Единица на мера | Количество | | Износ на штетата во денари | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | оштетена | уништена | На оштетени средства | На уништени средства | Вкупно (5+6) |
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 |
| ВКУПНО | | | | | **1.936.823** | |
| | | | | | | |
| ГРАДЕЖНИ ОБЈЕКТИ<br>Др.патишта<br>Друмски мостови<br>Според Номенклатурата | М3<br>парче | | 1005<br>2 | | 1.079.800<br>857.023 | |
| ОПРЕМА<br>Енергетски машини, уреди и постројки итн. | | | | | | |
| ДОЛГОГОДИШНИ НАСАДИ<br>Овоштарници итн. | | | | | | |
| ШУМИ И ДИВЕЧ<br>Шуми на широколисници итн. | | | | | | |
| ДОИБИТОЧЕН ФОНД, ЖИВИНА И РИБА<br>Коњи, мулиња, мазги итн. | | | | | | |
| ОБРТНИ СРЕДСТВА<br>Суровини и репродукционен материјал<br>Полупроизводи и надворешни производи, текушто земјоделско производство итн.<br>Според Номенклатурата | | | | | | |
| БЛАГА<br>Културни блага<br>Објекти<br>Предмети<br>Блага во домаќинствата итн според Номенклатурата | | | | | | |
| ДРУГИ СРЕДСТВА И БЛАГА | | | | | | |
| ТРОШОЦИ ПРЕДИЗВИКАНИ СО ШТЕТАТА | | | | | | |
| ИНДИРЕКНА ШТЕТА | | | | | | |
| ШТЕТА НА СРЕДСТВА НА АРМ | | | | | | |

Табела 9

# ПРЕГЛЕД НА ШТЕТИТЕ НА НЕОСИГУРЕНИ СРЕДСТВА И БЛАГА ПО ВИДОВИ И ГРУПИ СРЕДСТВА ВО СОПСТВЕНОСТ

**приватна**

(општествена, приватна, задружна, мешовита, државна)

Територија **МАКЕДОНСКИ БРОД** Причина за штетата и година: **поплава-2018**

Општина

во илјада денари

| | Вкупна штета | Штета на средства во сопственост на деловниот субјект | Штета на средства во сопственост на граѓани |
|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 |
| ВКУПНО | **651.275** | | **651.275** |
| ЗЕМЈИШТЕ<br>Земјоделско земјиште итн. според Номенклатурата | | | |
| ГРАДЕЖНИ ОБЈЕКТИ<br>Брани и насипи итн. според Номенклатурата | | | |
| ОПРЕМА<br>Енергетски машини, уреди и постројки итн | 213.437 | | 213.437 |
| ДОЛГОГОДИШНИ ЗАСАДИ<br>Овоштарници итн. според Номенклатурата | | | |
| ШУМИ И ДИВЕЧ<br>Шуми и широколисници итн. според Номенклатурата | | | |
| ДОБИТОЧЕН ФОНД<br>ЖИВИНА И РИБА<br>Коњи, мулиња, мазги, магариња итн. според Номенклатурата | 42.000 | | 42.000 |
| ОБРТНИ СРЕДСТВА<br>Суровини и репродукционен материјал<br>Полупроизводи и недовршени производи итн. според Номенклатурата | 16.600 | | 16.600 |
| БЛАГА<br>Културни блага<br>објекти<br>предмети<br>Блага во домаќинството<br>итн. според Номенклатурата | 379.238 | | 379.238 |
| ДРУГИ СРЕДСТВА И БЛАГА | | | |
| ТРОШОЦИ ПРЕДИЗВИКАНИ ОД ШТЕТА | | | |
| ИНДИРЕКТНА ШТЕТА | | | |
| ШТЕТИ НА СРЕДСТВА НА АРМ | | | |

Табела 9

# ПРЕГЛЕД НА ШТЕТИТЕ НА НЕОСИГУРЕНИ СРЕДСТВА И БЛАГА ПО ВИДОВИ И ГРУПИ СРЕДСТВА ВО СОПСТВЕНОСТ

**државна**
(општествена, приватна, задружна, мешовита, државна)

Територија **МАКЕДОНСКИ БРОД** Причина за штетата и година: **поплава-2018**
Општина

во илјада денари

| | Вкупна штета | Штета на средства во сопственост на деловниот субјект | Штета на средства во сопственост на граѓани |
|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 |
| ВКУПНО | **1.936.823** | | **1.936.823** |
| ЗЕМЈИШТЕ<br>Земјоделско земјиште итн. според Номенклатурата | | | |
| ГРАДЕЖНИ ОБЈЕКТИ<br>Брани и насипи итн. според Номенклатурата | 1.936.823 | | 1.936.823 |
| ОПРЕМА<br>Енергетски машини, уреди и постројки итн | | | |
| ДОЛГОГОДИШНИ ЗАСАДИ<br>Овоштарници итн. според Номенклатурата | | | |
| ШУМИ И ДИВЕЧ<br>Шуми и широколисници итн. според Номенклатурата | | | |
| ДОБИТОЧЕН ФОНД<br>ЖИВИНА И РИБА<br>Коњи, мулиња, мазги, магариња итн. според Номенклатурата | | | |
| ОБРТНИ СРЕДСТВА<br>Суровини и репродукционен материјал<br>Полупроизводи и недовршени производи итн. според Номенклатурата | | | |
| БЛАГА<br>Културни блага<br>објекти<br>предмети<br>Блага во домаќинството<br>итн. според Номенклатурата | | | |
| ДРУГИ СРЕДСТВА И БЛАГА | | | |
| ТРОШОЦИ ПРЕДИЗВИКАНИ ОД ШТЕТА | | | |
| ИНДИРЕКТНА ШТЕТА | | | |
| ШТЕТИ НА СРЕДСТВА НА АРМ | | | |

ПРОЦЕНА НА ШТЕТАТА | Образец Ш-08
Од **поплава** | /Ш/0/8/
Ред. бр. на образецот /0/0/0/1/

# ПРОСЕЧНИ ЦЕНИ ЗА ПРОЦЕНА НА ШТЕТИТЕ

Комисија која ги обезбедила цените
***Општинска Комисија за процена на штета настаната од природни непогоди, епидемии и други несреќи во Општина Македонски Брод,*** цените ги обезбеди на тој начин што се преземени цените на пазарот во времето на настанувањето на штетата и кои важеле на подрачјето за кое се проценува штетата.
За уништени опрема, обртни средства, добиточен фонд, живина и риби се пресметува сегашна вредност како производ на количина и соодветната цена на уништениот примерок, за уништените градежни објекти кај деловни субјекти се зема книговодствен податок за ревалоризирана сегашна вредност, додека за уништените предмети во домаќинството со пониска набавна вредност од 50.000 денари, сегашната вредност е пресметана со примена на единствен процент од 60% на нивната набавна вредност.

| **ред број** | **Назив на позицијатана работата, материјалот и друго** | **Единица на мера** | **Просечна цена во денари** |
|---|---|---|---|
| 1. | Електричен шпорет | парче | 8.999,оо ден. |
| 2. | Машина за перење на алишта | парче | 9.999,оо ден. |
| 3. | Фрижидер | парче | 7.999,оо ден. |
| 4. | Греалка | парче | 1.399,оо ден. |
| 5. | Кујна(Судопер.раб.маса) | парче | 2.600,оо ден. |
| 6. | Кревет | парче | 7.990,оо ден. |
| 7. | Бојлер за бања | парче | 4.999,оо ден. |
| 8. | Витрина | парче | 3.900,оо ден. |
| 9. | Аспиратор | парче | 2.199,оо ден. |
| 10. | Теписон | м2 | 240,оо ден. |
| 11. | Ламинат | м2 | 310,оо ден. |
| 12. | Бојлер за кујна | парче | 2.999,оо ден. |
| 13. | Мушама подна | м | 250,оо ден. |
| 14. | Столица | парче | 2.090,оо ден. |
| 15. | Маса | парче | 2.300,оо ден. |
| 16. | Пила моторна | парче | 12.990,оо ден. |
| 17. | Постелнина (јорган,ќебе,чаршав) | парче | 7.900,оо ден. |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 18. | Пумпа за вода | парче | 10.950,оо ден. |
| 19. | Агрегат | парче | 11.990,оо ден. |
| 20. | Кујнски прибор | парче | 9.000,оо ден. |
| 21. | Радијатор | парче | 2.790,оо ден. |
| 22. | Телевизор | парче | 8.599,оо ден. |
| 23. | Сараунд | парче | 7.999,оо ден. |
| 24. | Фискален апарат | парче | 16.992,оо ден. |
| 25. | Правосмукалка | парче | 3.599,оо ден. |
| 26. | Табуретка | парче | 690,оо ден. |
| 27. | Врата | парче | 6.200,оо ден. |
| 28. | Косачка за трева | парче | 18.000,оо ден. |
| 29. | Рафт иверица | парче | 4.800,оо ден. |
| 30. | Машинче за стакло сечење | парче | 5.999,оо ден. |
| 31. | Бормашина | парче | 3.139,оо ден. |
| 32. | Брусалица | парче | 3.999,00 ден. |
| 33. | Грамофон | парче | 9.000,оо ден. |
| 34. | Ризла | М3 | 800,оо ден. |
| 35. | Котур жица 1м | парче | 1.400,оо ден. |
| 36. | Котур жица 2м | парче | 2.680,оо ден. |
| 37. | Грав | кг | 180,оо ден. |
| 38. | Компир | кг | 20,оо ден. |
| 39. | Цемент | парче | 280,оо ден. |
| 40. | Сунгeрести перничиња | парче | 150,00 ден. |
| 41. | Риби | кг | 200,00 ден. |
| 42. | Филтри | парче | 6.150,00 ден. |
| 43. | Градежни објекти (според Елементи за проценка на станбени објекти од Методологијата за недвижен имот) | | |

Во Македонски Брод

Датум: 15.02.2018 год.

Членови на Комисијата

1. Зоран Новески _________________
2.Славе Ѓурчиноски _______________
3.Вања Димоска __________________
4.Добре Смилески ________________
5.Илјаз Мифтароски ______________
6.Александар Максимоски _________
7.Игор Јанкулоски________________

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 37 став 1 од Статутот на Општина Македонски Брод („Службен гласник на општина Македонски Брод“ бр.2/03,1/06,1/11,11/14,1/15 и 4/17 –пречистен текст ), Градоначалникот на Општина Македонски Брод донесува

# З А К Л У Ч О К

**За објавување на Заклучок за усвојување на Извештај-Елаборат за**

**проценета штета од елементарна непогода – ПОПЛАВА**

Се објавува Заклучок за усвојување на Извештај-Елаборат за проценета штета од елементарна непогода – ПОПЛАВА, што Советот на Општина Македонски Брод ја донесе на седницата одржана на ден 30.03.2018 година.

**Бр. 08 -372/20**

**04.04.2018 година**

**Општина Македонски Брод**

**Градоначалник,**

**Живко Силјаноски с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 т.15 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.05/02) и член 39 од Законот за заштита на правата на пациентите („Службен весник на РМ“ бр.82/08,12/09,53/11 и 150/15) и член 21 ст.1 од Статутот на општина Македонски Брод („Службен гласник на Општина Македонски Брод“ бр.02/03,..........04/17-пречистен текст), Советот на општина Македонски Брод на седницата одржана на ден 30.03.2018 година донесе

# О Д Л У К А

**За формирање на постојана комисија за заштита на правата на пациентите**

**Член 1**

Советот на Општина Македонски Брод формира постојана комисија за заштита на правата на пациентите на територијата на Општина Македонски Брод .

**Член 2**

Составот на комисијата е од девет членови од кои двајца претставници од редот на пациентите, членови на здруженија на пациенти, претсетавници од невладини организации кои се занимаваат со човекови права и граѓански иницијативи, двајца лекари од општинатa Македонски Брод и тројца членови делегирани од Советот на Општина Македонски Брод.

**Член 3**

Персоналниот состав на комиисјата е:

1. Игор Дабески
2. Павлина Блажеска
3. Румена Михајлоска
4. Митре Јосифоски
5. Влатко Стојаноски
6. Александар Максимоски
7. Александра Ѓурчиноска
8. Славе Блажески
9. Сузана Ѓурческа

**Член 4**

Членовите на комисијата не смеат да бидат вработени во здравствени установи во кои се укажува здравствена заштита.Мандатот на членовите на комисијата изнесува две години, со право на повторен избор.

**Член 5**

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавување во Службен гласник на општина Македонски Брод.

**Бр. 18 -372/10**
**30.03.2018 год.**

**Совет на општина Македонски Брод**
**П р е т с е д а т е л**
**Драган Цветаноски с.р.**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 37 став 1 од Статутот на Општина Македонски Брод („Службен гласник на општина Македонски Брод“ бр.2/03,1/06,1/11,11/14,1/15 и 4/17 –пречистен текст ), Градоначалникот на Општина Македонски Брод донесува

# З А К Л У Ч О К

**За објавување на Одлука за формирање на постојана комисија за заштита на**

**правата на пациентите**

Се објавува Одлука за формирање на постојана комисија за заштита на правата на пациентите, што Советот на Општина Македонски Брод ја донесе на седницата одржана на ден 30.03.2018 година.

**Бр. 08 -372/20**

**04.04.2018 година**

**Општина Македонски Брод**

**Градоначалник,**

**Живко Силјаноски с.р.**

Врз основа на член 41 од Законот за концесии и јавно приватно партнерство („Службен весник на РМ", бр.6/2012, 144/2014, 33/2015, 104/2015, 215/2015), а согласно член 36 од Договорот за јавно приватно партнерство за давање на услуги на јавно осветлување во општина Македонски Брод склучен помеѓу општина Македонски Брод (Јавен партнер), од една страна, и ДООЕЛ КМГ ЕОЛ КВАЗАР,Скопје (приватен партнер) од друга страна, заведен под бр.05-318/31 од 26.07.2016 година, согласно член 36 став 1 точка 16 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ" бр.5/02), и член 21 став 1 од Статутот на Општина Македонски Брод („Службен гласник на општина Македонски Брод" бр.02/03....4/17-пречистен текст), Советот на Општина Македонски Брод на седница одржана на 30.03.2018 година, донесе

**О Д Л У К А**
**За усвојување на ИНФОРМАЦИЈА**
**за усогласување на Договор за јавно приватно партнерство**
**за улично осветлување на населените места во општина Македонски Брод**

**Член 1**

Со оваа Одлука Советот на општина Македонски Брод ја усвои информацијата за усогласување на Договорот за јавно приватно партнерство за улично осветлување на населените места во општина Македонски Брод

**Член 2**

Со оваа Одлука Советот на општина Македонски Брод дава согласност за склучување на Анекс-Договор кон Договорот за јавно приватно партнерство за давање на услуги на јавно осветлување во општина Македонски Брод склучен помеѓу општина Македонски Брод и ДООЕЛ КМГ ЕОЛ КВАЗАР Скопје со арх.бр.05-318/31 од 26.07.2016 година (на општина Македонски Брод) и арх.бр.05-129/11 од 26.07.2016 година (на ДООЕЛ КМГ ЕОЛ КВАЗАР Скопје).

**Член 3**

Се овластува Градоначалникот на општина Македонски Брод да склучи и потпише Анекс-Договор кон горецитираниот Договор во кој ќе се определат сите услови во насока на негова реализација.

Анекс-Договорот да биде склучен спогодбено, во заемна согласност на Јавниот и Приватниот партнер.

**Член 4**

Составен дел на одлуката е ИНФОРМАЦИЈА за усогласување на Договор за јавно приватно партнерствоза улично осветлување на населените места во општина Македонски Брод .

**Член 5**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесување, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Македонски Брод".

**Број 18 – 372/11**
**30.03.2018 год.**
**Македонски Брод**

**Советот на Општина Македонски Брод**
**Претседател,**
**Драган Цветаноски с.р.**

ИНФОРМАЦИЈА

За усогласување на Договор за јавно приватно партнерство за улично осветлување на населените места во општина Македонски Брод

Градоначалникот на општина Македонски Брод ги задолжи стручните служби на општината да направат анализа за утврдување на фактичката состојба за реализација на повеќе склучени договори. При анализата на договорот за Јавно приватно партнерство за инсталирање на уличното осветлување утврдена е состојба при што средствата кои се собираат од комуналната такса за улично осветлување во целост не ги покриваат трошоците кои треба да се исплатат на приватниот партнер и трошоците за потрошената електрична енергија кои треба да се подмируват кон ЕВН Македонија.
Според анализата за 2016 наплатена е комунална такса во вкупен износ од 6.757.120,00 денари или просечно месечно 563.093,00 денари.

За 2017 година наплатена е комунална такса во износ од 6.346.598,00 денари или просечно месечно 528.883,00 денари.

Според склучениот договор за јавно приватно партнерство општината имаше обврска на приватниот партнер да му исплака месечен надоместок во износ од 449.803,00 денари или на годишно ниво 5.397.836,00 денари.

Просечната месечна потрошувачка на електрична енергерија со новоинсталираните лед светилки за улично осветлување (2017) година изнесува 135.718,00 денари или 1.628.618,00 за тековната 2017 година. Тоа значи дека до колку цената на електрична енергија остане непроменета трошоците за улично осветлување во текот на една година (анализирано 2017) изнесуваат 7.026.454,00 денари односно 585.537,00 месечно а собраните средства од комуналната такса за улично осветлување 6.346.598,00 денари односно 528.883,00 месечно

Со вака утврдената состојба се констатира дека општината не остварува доволен приход од комунална такса за покривање на трошоците за улично осветлување во износ од 679.856,00 денари на годишно ниво или 56.654,оо денари месечно

Недостатокот од финансиски средства со вака утврдената состојба општината треба да ги покрива од други изворни приходи на буџетот на општината со кои не располага и се предизвикува континуирана загуба. Оваа состојба на трошоци е утврдена само врз база на обврските што се подмируваат кон Приватниот партнер и ЕВН. Ако кон овој износ се додадат и обврски кои се исплаќаат на рати од минати години (истите изнесуваат 157.707,00 денари месечно) загубата што се предизвикува од трошоците за улично осветлување во 2017 година треба да се зголеми уште за 1.892.484,00 денари. (Овие обврски кои се плаќаат по спогодба со ЕВН на рати ќе завршат заклучно со месец јули 2018). Од вака утврдената состојба се дојде до заклучок да се пристапи кон анализа на склучениот договор со Јавниот приватен партнер да се согледаат можностите за рационализација на трошоците како и препораките од направениот извештај од Одделението за внатрешна ревизија, неисполнетите обврски по склучениот договор и можностите за корекции кои можат спогодбено да се усогласат во согласност со

договорот.Направени се неколку последователни состаноци со Јавниот приватен партнер и стручната комисија од општината при што се донесени следните заклучоци кои овозможуваат постигнување на исклучително добри финансиски ефекти без притоа да има одредени последици на квалитетот на давање на услугата за улично осветлување:

1.Да се рационализира инсталирањето на ормарчиња со предвидената автоматика,хардвер и софтвер однодсно од предвидените 60 да се инсталираат 15 односно нема да се инсталираат 45 (45x2950=132.750 евра пресметана заштеда) од причини што истите во помалите населени места не даваат соодветен ефект. Во 5 поголеми населени места да се инсталираа само ормарчиња без автоматика хардвер и софтвер во вредност од 150 евра)

2.Од намалениот рок на траење на договорот од 15 на 10 години (приватниот партнер се ослободува од замена на светилките после 11 годишна експлоатација) се постигнува финансиски ефект од 454.300 евра

3.Од измена на техничките карактеристики на 26 сијалици покрај кејот кои се ниски и подложни на кршење од деца или неовесни граѓани се постигнува заштеда од 6.900 евра

4.Пресметаната добивка од скратувањето на рокот на договорот изнесува 77.023 евра

---

Вкупната вредност на основниот договор 1.316.668 евра

Вкупните заштеди со потпишување на анекс кон основниот договор се: 645.695 евра

Вкупната вредност по потпишувањето на анекс договорот ке изнесува 506.865 евра

Месечната фактура ке изнесува 5.018 евра x 61,5 денари = 308.607,00 денари

---

Вака утврдената состојба е усогласена со приватниот партнер кој е согласен спогодбено да се направи анекс на основниот договор со кој би се рационализирале трошоците, би се створиле услови за навремено плаќање на доспеаните обврски и би се направиле заштеди во буџетот на општината.

Од наведените причини предлагаме советот да го разгледа овој извештај да го усвои и да донесе заклучок со кој го овластува Градоначалникот на општина Македонски Брод да го потпише анекс договорот кон основниот Договор за јавно приватно партнерство за улично осветлување.

1.Стојкоски Пецо дипл.екк с.р
2.Маџоски Тони дипл.екк с.р
3.Филипоска Сузана дипл.екк с.р
4.Стојкоски Томи дипл.правник с.р

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02 ) и член 37 став 1 од Статутот на Општина Македонски Брод („Службен гласник на општина Македонски Брод“ бр.2/03,1/06,1/11,11/14,1/15 и 4/17 –пречистен текст ), Градоначалникот на Општина Македонски Брод донесува

# З А К Л У Ч О К

**За објавување на Одлука за усвојување на ИНФОРМАЦИЈА за усогласување на Договор за јавно приватно партнерство за улично осветлување на населените места во општина Македонски Брод**

Се објавува Одлуката за усвојување на ИНФОРМАЦИЈА за усогласување на Договор за јавно приватно партнерствоза улично осветлување на населените места во општина Македонски Брод, што Советот на Општина Македонски Брод ја донесе на седницата одржана на ден 30.03.2018 година.

**Бр. 08 -372/20**

**04.04.2018 година**

**Општина Македонски Брод**

**Градоначалник,**

**Живко Силјаноски с.р.**

Врз основа на член 20 точка 1 од Законот за просторно и урбанистичко планирање („Службен весник на Република Македонија“ бр. 199/14, 44/15, 193/15, 31/16 и 163/16), член 22 т.4 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002) и член 15 став 4 од Статутот на Општина Македонски Брод („Службен гласник на Општина Македонски Брод“ бр.02/03, Советот на Општина Македонски Брод на седницата одржана на 30 март 2018 година донесе:

# ПРОГРАМА
## ЗА ДОПОЛНУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА ЗА УРБАНИСТИЧКО ПЛАНИРАЊЕ НА ТЕРИТОРИЈАТА НА ОПШТИНАТА МАКЕДОНСКИ БРОД ЗА 2018 ГОДИНА

1.Со оваа Програма се врши дополнување на Програмата за урбанистичко планирање на територијата на општината Македонски Брод за 2018 година, бр.18-797/9 од 30.11.2017 година донесена од страна на Советот на општината Македонски Брод и тоа во точка:

**Д.ЛОКАЛНА УРБАНИСТИЧКА ПЛАНСКА ДОКУМЕНТАЦИЈА**

**-Изработка на Локална урбанистичко планска документациаја за градби со основна класа на намена А-1 домување во станбени куќи на делови од КП бр.1667/1, КП бр.1668/70, КП бр.1730, КП бр.1173 и КП бр.1174/1 за КО Здуње, с.Здуње, Општина Македонски Брод.**

2.Останатите одредби од Програмата за урбанистичко планирање на територијата на општината Македонски Брод за 2018 година, бр.18-797/91 од 30.11.2017 година, донесена од страна на Советот на општината Македонски Брод остануваат непроменети.

**3.**Оваа Програма влегува во сила осмиот ден од денот на донесувањето,а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Македонски Брод“.

**Бр.18-372/12**
**30.03.2018 год.**

.

**Советот на Општина Македонски.Брод**
**Претседател,**
**Драган Цветаноски с.р.**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02 ) и член 37 став 1 од Статутот на Општина Македонски Брод („Службен гласник на општина Македонски Брод“ бр.2/03,1/06,1/11,11/14,1/15 и 4/17 –пречистен текст ), Градоначалникот на Општина Македонски Брод донесува

# З А К Л У Ч О К

**За објавување на Програма за дополнување на Програмата за**

**Урбанистичко планирање за 2018 година**

Се објавува **Програма за дополнување на Програмата за Урбанистичко планирање за 2018 година**, што Советот на Општина Македонски Брод ја донесе на седницата одржана на ден 30.03.2018 година.

**Бр. 08 -372/20**

**04.04.2018 година**

**Општина Македонски Брод**

**Градоначалник,**

**Живко Силјаноски с.р.**

Врз основа на член 97 од Законот за градење („Службен весник на РМ“ бр. 130/09, 124/10, 18/11, 36/11, 54/11, 13/12, 144/13, 25/13, 79/13, 137/13, 163/13, 27/14, 28/14, 42/14, 115/14 , 149/14, 187/14 , 44/15 ,217/15 , 31/16, 39/16 и 71/16) , член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа (Сл.весник на РМ бр.05/02) и член 21 од Статутот на Општина Македонски Брод (Сл.гласник на Општина Македонски Брод бр.2/03, 1/06, 1/11, 11/14, 1/15 и 4/17 пречистен текст,) Советот на Општина Македонски Брод на седницата одржана на ден 30 март 2018 година ја донесе следната

# О Д Л У К А

**за реконструкција со пренамена на објект В-1 образование и наука во дневен центар за деца со пречки во развој**

**Член 1**

**С**огласно оваа одлука се врши реконструкција со пренамена на објект В-1 образование и наука изграден на КП бр.2879, запишан во ИЛ бр.5 за КО Македонски Брод во Македонски Брод (старо школо) во дневен центар за деца со пречки во развој.

**Член 2**

Постапката за реконструкција со пренамена на објектот ќе се изврши согласно важечките законски прописи.

**Член 3**

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесување а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Македонски Брод”.

**Бр.18 – 372/13**
**30.03.2018 година**
**Македонски Брод**

**Совет на Општина Македонски Брод**
**Претседател,**
**Драган Цветаноски с.р.**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 37 став 1 од Статутот на Општина Македонски Брод („Службен гласник на општина Македонски Брод“ бр.2/03,1/06,1/11,11/14,1/15 и 4/17 –пречистен текст ), Градоначалникот на Општина Македонски Брод донесува

# З А К Л У Ч О К

**За објавување на Одлука за реконструкција со пренамена на објект В-1 образование и наука во дневен центар за деца со пречки во развој**

Се објавува Одлука за реконструкција со пренамена на објект В-1 образование и наука во дневен центар за деца со пречки во развој, што Советот на Општина Македонски Брод ја донесе на седницата одржана на ден 30.03.2018 година.

**Бр. 08 -372/20**

**04.04.2018 година**

**Општина Македонски Брод**

**Градоначалник,**

**Живко Силјаноски с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 9 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02), член 21 став 1 од Статутот на општина Македонски Брод („Службен гласник на Општина Македонски Брод“ бр.2/03...4/17-пречистен текст), по доставено барање од Дом на култура бр.18-378/1, Советот на Општина Македонски Брод на седницата одржана на ден 30.03.2018 година, донесе

# О Д Л У К А

**за давање на согласност на Одлуката на УО за усвојување на План за вработување на „Дом на култура“ Македонски Брод за 2019 година**

**1.** Советот на Општина Македонски Брод, дава согласност на Одлуката на УО бр.02-78/9 од 21.03.2018г за усвојување на Планот за вработување на „Дом на култура“ Македонски Брод за 2019 година.

**2.** Оваа Одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во Службен гласник на општина Македонски Брод.

**Број 18-372/14**
**30.03.2018 година**
**Македонски Брод**

**Совет на општина Македонски Брод**
**П р е т с е д а т е л,**
**Драган Цветаноски с.р.**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 37 став 1 од Статутот на Општина Македонски Брод („Службен гласник на општина Македонски Брод“ бр.2/03,1/06,1/11,11/14,1/15 и 4/17 –пречистен текст ), Градоначалникот на Општина Македонски Брод донесува

# З А К Л У Ч О К

**За објавување на Одлука за давање на согласност на Одлуката на УО за усвојување на План за вработување на „Дом на култура“ Македонски Брод за 2019 година**

Се објавува Одлуката **за** давање на согласност на Одлуката на УО за усвојување на План за вработување на „Дом на култура“ Македонски Брод за 2019 година, што Советот на Општина Македонски Брод ја донесе на седницата одржана на ден 30.03.2018 година.

**Бр. 08 -372/20**

**04.04.2018 година**

**Општина Македонски Брод**

**Градоначалник,**

**Живко Силјаноски с.р.**

Врз основа на член 88 став 4 од Изборниот законик („Службен весник на РМ” број 40/06, 136/08, 148/08, 155/08, 163/08, 44/11, 51/11, 54/11, 142/12, 31/13, 34/13, 14/14, 30/14, 196/15, 35/16, 97/16, 99/16, 136/16, 142/16, 67/17 и 125/17), член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ” бр.5/02) и член 21 став 1 од Статутот на Општина Македонски Брод („Службен гласник на општина Македонски Брод” бр.2/2003, 1/06, 1/11, 11/14 и 1/15), а во врска со член 17, 22, 24 и 25 од Правилникот за критериумите за определување на надоместокот на членовите изборните органи и изборната администрација за спроведување на Локалните избори 2017 година за избор на членови на советите на општините и советот на Градот Скопје и за избор на градоначалници на општините и градоначалник на Градот Скопје бр.08-2786/1 од 14 ноември 2017 година, Советот на Општина Македонски Брод на седницата одржана на ден 30.03.2018 година, донесе:

**О Д Л У К А**

**За измена на Одлуката за определување на надоместокот на членовите на Општинската изборна комисија Македонски Брод и Избирачките одбори за Локалните избори 2017 година**

Член 1

Во Одлуката за определување на надоместок на членовите на Општинската изборна комисија Македонски Брод и Избирачките одбори за Локалните избори 2017 година со бр.18-118/16 од 31.01.2018 година („Службен гласник на општина Македонски Брод” бр.01/2018), членот 2 се менува и гласи:

„На претседателите, нивните заменици, членовите и нивните заменици на избирачките одбори во општина Македонски Брод им се определува следниот надоместок:

- на претседателот му се определува надоместок во висина од 3.000,00 денари,
- на зам.претседателот му се определува надоместок во висина од 2.500,00 денари,
- на членовите им се определува надоместок во висина од 2.000,00 денари,
- на зам.членовите им се определува надоместок во височина од 2.000,00 денари.”

Член 2

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Македонски Брод”.

**Бр.18-372/15**
**30.03.2018 година**
**Македонски Брод**

**Совет на Општина Македонски Брод**
**Претседател,**
**Драган Цветаноски с.р.**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 37 став 1 од Статутот на Општина Македонски Брод („Службен гласник на општина Македонски Брод“ бр.2/03,1/06,1/11,11/14,1/15 и 4/17 –пречистен текст ), Градоначалникот на Општина Македонски Брод донесува

# З А К Л У Ч О К

**За објавување на Одлука за измена на Одлуката за определување на надоместокот на членовите на Општинската изборна комисија Македонски Брод и Избирачките одбори за Локалните избори 2017 година**

Се објавува Одлука за измена на Одлуката за определување на надоместокот на членовите на Општинската изборна комисија Македонски Брод и Избирачките одбори за Локалните избори 2017 година, што Советот на Општина Македонски Брод ја донесе на седницата одржана на ден 30.03.2018 година.

**Бр. 08 -372/20**

**04.04.2018 година**

**Општина Македонски Брод**

**Градоначалник,**

**Живко Силјаноски с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.05/02) и Закон за користење и располагање со стварите во државна сопственост и со стварите на општинска сопственост („Службен весник на РМ“ 78/15, 106/15, 153/15 и 190/16 Консолидиран текст) и член 21 став 1 точка 21 од Статутот на Општина Македонски Брод („Службен гласник на Општина Македонски Брод“ бр.2/03) Советот на општина Македонски Брод на седницата одржана на ден 30.03.2018 година ја донесе следната

# О Д Л У К А

**За отстапување на користење на просторија за отварање на канцеларија за администрирање на правата од областа на социјална заштита и заштита на децата**

**Член 1**

Со оваа одлука Советот на општина Македонски Брод отстапува на користење просторија која се наоѓа во општинската зграда за отварање на канцеларија за администрирање на правата од областа на социјална заштита и заштита на децата на Центар за социјална работа - Македонски Брод.

**Член 2**

Согласно член 1 просторијата се отстапува на користење на недредено време а адаптација, опремување и сите тековни давачки за истата ќе ги обезбеди Министерството за труд и социјална политика на РМ. Сите други обврски односно режиски трошоци како вода, струја, греење и слично ќе бидат покриени од страна на Општина Македонски Брод .

**Член 3**

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесување а ќе се објави во „Службен гласник на општина Македонски Брод”.

**Бр.18-372/16**
**30.03.2018 година**
**Македонски Брод**

**Совет на општина Македонски Брод**
**Претседател,**
**Драган Цветаноски с.р.**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 37 став 1 од Статутот на Општина Македонски Брод („Службен гласник на општина Македонски Брод“ бр.2/03,1/06,1/11,11/14,1/15 и 4/17 –пречистен текст ), Градоначалникот на Општина Македонски Брод донесува

# З А К Л У Ч О К

**За објавување на Одлука за отстапување на користење на просторија за отварање на канцеларија за администрирање на правата од областа на социјална**

**заштита и заштита на децата**

Се објавува Одлуката за отстапување на користење на просторија за отварање на канцеларија за администрирање на правата од областа на социјална заштита и заштита на децата, што Советот на Општина Македонски Брод ја донесе на седницата одржана на ден 30.03.2018 година.

**Бр. 08 -372/20**

**04.04.2018 година**

**Општина Македонски Брод**

**Градоначалник,**

**Живко Силјаноски с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.05/02) и член 21 од Статутот на општина Македонски Брод („Службен гласник на Општина Македонски Брод“ бр.2/03...4/17 пречистен текст), а согласно член 30 од Одлуката за извршување на Буџетот на општина Македонски Брод за 2018 година („Службен гласник на Општина Македонски Брод“ бр.14/17), по доставени барања од правни и физички лица, Советот на општина Македонски Брод на седницата одржана на ден 30.03.2018 година донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

**За одобрување на средства од Буџетот на општина Македонски Брод**

**по барања од правни и физички лица од областа**

**на култура, спорт и рекреација**

1.Советот на Општина Македонски Брод на седницата одржна на ден 30.03.2018 г. донесе решение за одобрување на финансиски средства и тоа како следи на:

- на Шотокан карате Клуб се добрува надоместок од 3000,00 денари за учество на меѓународен натпревар во Власотинце Р.Србија
- на ЗЛД „Песјак“ - М.Брод се одобрува надоместок од 2000,00 денари за организирање на традиционална ловечка вечер

2.Средствата за оваа намена ќе бидат исплатени од Буџетот на општина Македонски Брод за 2018 година, програма АО Совет на Општина Македонски Брод.

3.Се задолжува Одделението за финансиски прашања при Општина Македонски Брод да го изврши наведеното решение согласно расположливите средства.

4.Ова Одлука влегува во сила со денот на донесување а ќе се објави во Службен гласник на општина Македонски Брод.

**Бр.18- 372/17**

**30.03.2018 година** **Совет на општина Македонски Брод**

**П р е т с е д а т е л,**

**Драган Цветаноски с.р.**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 37 став 1 од Статутот на Општина Македонски Брод („Службен гласник на општина Македонски Брод“ бр.2/03,1/06,1/11,11/14,1/15 и 4/17 –пречистен текст ), Градоначалникот на Општина Македонски Брод донесува

# З А К Л У Ч О К

**За објавување на Решение за одобрување на средства од Буџетот на општина Македонски Брод по барања од правни и физички лица од обласста**

**на култура, спорт и рекреација**

Се објавува Решение за одобрување на средства од Буџетот на општина Македонски Брод по барања од правни и физички лица од обласста на култура, спорт и рекреација, што Советот на Општина Македонски Брод ја донесе на седницата одржана на ден 30.03.2018 година.

**Бр. 08 -372/20**

**04.04.2018 година**

**Општина Македонски Брод**

**Градоначалник,**

**Живко Силјаноски с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 9 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02), член 21 т.31 од Статутот на општина Македонски Брод („Службен гласник на Општина Македонски Брод“ бр.2/3….4/17-пречистен текст), по достава на барање од Црковен одбор од с.Ропотово бр.18- сл од 21.03.2018 година, Советот на Општина Македонски Брод на седницата одржана на ден 30 март 2018 година, донесе

## З А К Л У Ч О К

**За поднесено барање за обновување на манастир Св.Атанасиј во село Ропотово**

**1.** Советот на Општина Македонски Брод на седницата одржана на ден 30 Март 2018 година по предлог на комисијата за финансирање и буџет го одби барањето како некомплетна и неуредна достава.

**2.** Овој Заклучок влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во Службен гласник на општина Македонски Брод.

**Број 18- 372/18**
**30.03.2018 година**
**Македонски Брод**

**Совет на општина Македонски Брод**
**Претседател,**
**Драган Цветаноски с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 9 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02), член 21 т.31 од Статутот на општина Македонски Брод („Службен гласник на Општина Македонски Брод“ бр.2/3….4/17-пречистен текст), Советот на Општина Македонски Брод на седницата одржана на ден 30 Март 2018 година, донесе

## З А К Л У Ч О К

**За анализа на сите водоводи на територијата на Општина Македонски Брод**

**1.** Советот на Општина Македонски Брод на седницата одржана на ден 30 Март 2018 година донесе заклучок за задолжување на ЈП Водовод и канализација со подршка на стручни служби од општината да направи детална анализа на сите водоводни системи кои гравитираат на територијата на општината и утврди кои од нив ги задоволуваат стандардите заради превземање и одржување од страна на јавното претпријатие.

**2.** Овој Заклучок влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во Службен гласник на општина Македонски Брод.

**Број 18- 372/19**
**30.03.2018 година**
**Македонски Брод**

**Совет на општина Македонски Брод**
**Претседател,**
**Драган Цветаноски с.р.**

**Службен гласник број 4 од 04.04.2018 година на Совет на општина Македонски Брод**

## С О Д Р Ж И Н А

Решение за изменување на решението за формирање на Комисија за подготовка по предлог за воспоставување на меѓуопштинска соработка меѓу Општина Македонски Брод и Општина Демир Хисар ........................................................................................ стр. 2

Заклучок за објавување на Решение за изменување на решението за формирање на Комисија за подготовка по предлог за воспоставување на меѓуопштинска соработка меѓу Општина Македонски Брод и Општина Демир Хисар ................................................ стр. 3

Одлука за давање согласност за основање на регионална депонија и потребната инфраструктура за Југозападен плански регион од страна на Владата на Република Македонија …………………………………..…………………………………… стр. 4

Заклучок за објавување на Одлука за давање согласност за основање на регионална депонија и потребната инфраструктура за Југозападен плански регион од страна на Владата на Република Македонија ......................................................................... стр. 6

Одлука за усвојување на Годишен извештај, реализација на програмата за развој на Југозападен плански регион и тековно работење на центарот за развој и финансиски извештај за 2017 година ......................................................................................... стр. 7

Заклучок за објавување на Одлука за усвојување на Годишен извештај, реализација на програмата за развој на Југозападен плански регион и тековно работење на центарот за развој и финансиски извештај ........................................................................... стр. 8

Одлука за давање на согласност за донесување на Годишен план за вработување во Општина Македонски Брод, за 2019 година .................................................................. стр. 9

Заклучок за објавување на Одлука за давање на согласност за донесување на Годишен план за вработување во Општина Македонски Брод.................................... стр. 10

Одлука за давање на согласност на Одлуката на УО за усвојување на План за вработување на ОЈУДГ “7-ми Септември Македонски Брод за 2019 година ............ стр. 11

Заклучок за објавување Одлука за давање на согласност на Одлуката на УО за усвојување на План за вработување на ОЈУДГ “7-ми Септември Македонски Брод за 2019 година ...................................................................................................................... стр. 12

Правилник за утврдување на критериуми за доделување на парична помош за утврдени категории на лица ......................................................................................... стр. 13

Заклучок за објавување на Правилник за утврдување на критериуми за доделување на парична помош за утврдени категории на лица ........................................................ стр. 18

Заклучок за усвојување на Извештај-Елаборат за проценета штета од елементарна непогода – поплава ................................................................................................ стр. 19

Извештај-Елаборат за проценета штета од елементарна непогода – поплава ................................................................................................................. стр. 20

Заклучок за објавување на Заклучок за усвојување на Извештај-Елаборат за проценета штета од елементарна непогода – поплава ................................................... стр. 33

Одлука за формирање на постојана комисија за заштита на правата на пациентите ................................................................................................................. стр. 34

Заклучок за објавување на Одлука за формирање на постојана комисија за заштита на правата на пациентите ................................................................................... стр. 35

Одлука за усвојување на Информација за усогласување на Договор за јавно приватно партнерство за улично осветлување на населените места во општина Македонски Брод ................................................................................................ стр. 36

Заклучок за објавување на Одлука за усвојување на Информација за усогласување на Договор за јавно приватно партнерство за улично осветлување на населените места во општина Македонски Брод ....................................................................................... стр. 39

Програма за дополнување на Програмата за урбанистичко планирање на територијата на Општина Македонски Брод за 2018 година ........................................ стр. 40

Заклучок за објавување на Програма за дополнување на Програмата за урбанистичко планирање на територијата на Општина Македонски Брод за 2018 година ................................................................................................................. стр. 41

Одлука за реконструкција со пренамена на објект В-1 образование и наука во дневен центар за деца со пречки во развој ..................................................................... стр. 42

Заклучок за објавување на Одлука за реконструкција со пренамена на објект В-1 образование и наука во дневен центар за деца со пречки во развој ............................. стр. 43

Одлука за давање на согласност на Одлуката на УО за усвојување на План за вработување на Дом на култура Македонски Брод за 2019 година ............................. стр. 44

Заклучок за објавување на Одлука за давање на согласност на Одлуката на УО за усвојување на План за вработување на Дом на култура Македонски Брод за 2019 година ................................................................................................................. стр. 45

Одлука за измена на Одлуката за определување на надоместокот на членовите на Општинската изборна комисија Македонски Брод и Избирачките одбори за Локалните избори 2017 година ........................................................................................................ стр. 46

Заклучок за објавување на Одлука за измена на Одлуката за определување на надоместокот на членовите на Општинската изборна комисија Македонски Брод и Избирачките одбори за Локалните избори 2017 година ................................................ стр. 47

Одлука за отстапување на користење на просторија за отварање на канцеларија за администрирање на правата од областа на социјална заштита и заштита на децата ........................................................................................................................ стр. 48

Заклучок за објавување на Одлука за отстапување на користење на просторија за отварање на канцеларија за администрирање на правата од областа на социјална заштита и заштита на децата ........................................................................................................ стр. 49

Решение за одобрување на средства од Буџетот на општина Македонски Брод по барања од правни и физички лица од областа на култура, спорт и рекреација ........... стр. 50

Заклучок за објавување на Решение за одобрување на средства од Буџетот на општина Македонски Брод по барања од правни и физички лица од областа на култура, спорт и рекреација ........................................................................................................ стр. 51

Заклучок за поднесено барање за обновување на манастир Св.Атанасиј во село Ропотово ........................................................................................................................ стр. 52

Заклучок за анализа на сите водоводи на територијата на Општина Македонски Брод ........................................................................................................................... стр. 53